Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-42/7
01.6 2017 год.
Скопје

Врз основа на член 63 и 134 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009; бр.83/2009, бр.99/2009; бр.115/2010, бр.17/2011, бр.51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016/, 120/2016 и 127/2016) и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. Билтен бр. 1145/292 од 2.05.2017 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата **XXXVI** редовна седница, одржана на 1**.06.2017 година** година, донесе

# О Д Л У К А
за избор на наставник

**Член 1**

**Д-р Дејан Донев**, вонреден професор за научната област етика, се избира во истото звање **вонреден професор** за научната област (дисциплина): етика, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран.

**Член 2**

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа по добивање согласност од надлежното министерство.

**Член 3**

По еден примерок од одлуката да се достави на: Министерството за финансии преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за добивање согласност за вработување, именуваниот, декан, секретар, досието, Одделението за општи и правни работи, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Горан Ајдински

Изготвил:м-р Весна Карапеева
Одобрил:проф. д-р Лена Дамовска

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-42/4
21.04.2017 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): ЕТИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XXXII редовна седница одржана на 1. 2. 2017 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научната област (дисциплина): етика.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Сузана Симоновска, проф. д-р Иван Џепаровски и проф. д-р Ана Димишковска, по увидот во доставениот материјал, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научнита област (дисциплина): етика, објавен во весникот „Нова Македонија” од 24/25 декември 2016 година, се пријави единствено кандидатот д-р Дејан Донев, вонреден професор.

## 1. Биографски податоци и професионален развој

Д-р Дејан Донев е роден на 08.11.1976 година во Неготино, каде што ги завршил основното и средно образование. Школувањето го продолжил на Филозофскиот факултет во Скопје на ННСГ за филозофија и дипломирал во мај 2001 година. Во 2003 година се запишал на постдипломските студии по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје и во јули 2005 година го одбранил магистерскиот труд под наслов „Етиката на дејствувањето во невладините организации“. Докторската дисертација под наслов „Етичките вредности во менаџерството“ ја одбранил во јуни 2008 година на Филозофскиот факултет во Скопје и се здобил со звањето доктор на филозофски науки.

Своето работно искуство, д-р Дејан Донев го започнал уште во 1992 година како новинар во тогашните радио „Микс" и радио „Канал 100"- Неготино, каде што работел до 1995 година. Во периодот од 1995 до 1996 година бил ангажиран како радио и ТВ дописник за „РТН" – Неготино. За време на своите студии работел како новинар во тогашното радио „Гром" (1996), во магазините „Студентски збор" и „Внатрешен патник" (1995-99) и во политичкиот магазин „Македонско сонце“ (1999). Воедно бил и новинар-соработник (1996-98) во емисијата на МРТВ „Неделен портал" на Снежана Липкоска Хаџи-Наумова.

Во периодот од 1999 до 2003 година, д-р Дејан Донев работел како новинар во дневната редакција на радио „Равел“ во Скопје. Во овој период работел и како

новинар во културната редакција во дневниот весник „Вест" (2001), како новинар и помошник уредник на lifestyle магазинот „Имиџ" (2000-2002) и бил уредник и новинар во весникот на ЗЕЛС (2002-2003). Од 2002 до 2004 година бил и лице за односи со јавноста во ЛЕАП на град Скопје, и уредник и новинар во радио проектот „Досие ЛЕАП" и интерниот билтен "ЛЕАП“.

Д-р Дејан Донев се пројавил и како волонтер во НВО „Центар за меѓуетничко разбирање и соработка" (1999-2000), и во проектот на НВО „Потрага за заедничка основа" (2000-2004). Во 2002 година учествувал во реализацијата на проектите на г-динот Мастер Овен (Совет на Европа) за локална децентрализација. Од 2002 до 2006 година, заедно со професорот д-р Кирил Темков, бил коавтор, уредник и продуцент на радио проектите „Граѓанска етика 1&2" и „Етика во професиите". Воедно учествувал и во радио проектите „Мали умни глави", „Божествена химна", „Улица", „Времиња минливи, творештва трајни" и во уште десеттина други радио проекти, согласно радио програмите од јавен интерес на тогашниот Совет за радиодифузија.

Во периодот од 2003 до 2008 година, д-р Дејан Донев бил демонстратор на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје, по предметите: етика, филозофија на менаџерството и етика на менаџерството. Исто така, во периодот од 2003 до 2009 бил и демонстратор на Интердисциплинарните студии по новинарство при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, по предметите: етика на комуницирањето и етика во новинарството 1. Во 2006 година работел и како професор по логика и етика во државното средно училиште „Браќа Миладиновци" во Скопје, а од 2006 до 2008 година бил професор по предметот граѓанска култура во државното основно училиште „Љубен Лапе" во Скопје.

Од 2007 до 2008 година, д-р Дејан Донев, заедно со ПР агенцијата „Еврозум Балкан", работел на ТВ спотот и рекламната кампања „Кон транспарентна општина" во рамките на Програмата за јавна етика за единиците на локалната самоуправа, што пак претставува заеднички проект на ЗЕЛС и Советот на Европа - „Лидерски стандарди и најдобри практики во Македонија". За потребите на овој проект бил и координатор/обучувач на работната група за јавна етика за единиците на локалната самоуправа.

На 21.12.2009 година, д-р Дејан Донев е избран во насловно звање – насловен доцент по предметот етика на новинарството на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан I" во Скопје (одлука бр. 02-1044/4). Како доцент, од 2009 до 2014 година, тој реализирал настава на додипломските студии на Институтот по новинарство, медиуми и комуникации по предметите: етика во новинарството 1, етика во новинарството и етика во односите со јавноста. Воедно реализирал настава и на постдипломските студии по предметите: медиумска етика (насока Медиуми и комуникации), филозофија на ПР, етика на ПР, менаџерска етика, и етика и естетика (насока Односи со јавноста), а на Институтот за политички студии, со англиска и македонска програма, одржувал настава по предметите Political ethics и Theories of globalisation (англиска програма), односно политичка етика и теории за глобализацијата (македонска програма). Од 2011 до 2014 година реализирал настава на постдипломските студии на правните студии на истиот факултет, по предметот етика и јавна администрација. Во учебната 2010/2011 и 2011/2012

година, бил ангажиран и како стручен соработник – доцент по предметот филозофија на менаџерството на додипломските студии на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во 2008 година д-р Дејан Донев е вработен како предавач на Приватната високообразовна установа за бизнис студии „Euro College“ во Куманово, а од 2009 година како доцент одржува настава на додипломските студии по предметите: лидерство и етика и бизнис етика, и на постдипломските по предметите: етика и одговорност, методологија на научноистражувачка работа, и основи на лидерство и тимска работа.

На 12.11.2014 година, со одлука на Наставно-научниот совет на ПВПУ „Euro College“ – Куманово (02-133/5), доцент д-р Дејан Донев е избран во звањето вонреден професор за наставно научно поле филозофија, област етика.

Како вонреден професор, освен на ПВПУ „Euro College“ – Куманово, д-р Дејан Донев реализира настава и на постдипломските студии на Институтот за комуникациски студии во Скопје по предметите: етика во комуницирањето и општествена одговорност, и идентитет, културна разновидност и општествени прашања (од 2015 година).

Исто така треба да се одбележи и неговото активно учество на повеќе курсеви и обуки: курсот за „Комуникациски вештини, протоколи и разлики на работното место" (Центар за менаџмент едукација „Мотива"), Виртуелното училиште за Дијалог и мирно разрешување на конфликти - IV генерација (Nansen dialogue network), обуката за „Research Ethics Education in the Balkans and Black Sea Region“ (Icahn School of Medicine at Mount Sinai -New York во партнерство со University of Belgrade School of Medicine –Serbia, 2013-2016). Учествувал и во меѓународните академски школи „Bridges of media education“, за менторирање на студенти, организирани од страна на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад во 2011 и 2012 година.

Д-р Дејан Донев се пројавува и како предавач на семинарот „Дрогата и зависностите", организиран од страна на Етичкиот Центар – Скопје, и на курсот организиран од страна на Open Education Center - Бугарија и Council of Europe. Тој е добитник на признанието „8-ми ноември за 2013 година“ за постигнати резултати во науката во 2013 година, доделено од страна на Советот на општина Неготино.

Кандидатот д-р Дејан Донев одлично се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик, а има солидно познавање и на францускиот и бугарскиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор на Приватната високообразовна установа за бизнис студии „Euro College“ во Куманово (2014), д-р Дејан Донев реализира настава на првиот циклус студии на овој факултет по предметите: водство и етика и бизнис етика.

Проф. д-р Дејан Донев е вклучен и во реализацијата на наставата на вториот циклус студии на ПВПУ „Euro College“ по предметите: етика и одговорност, основи на лидерство и тимска работа и методологија на научноистражувачка работа. На Институтот за комуникациски студии во Скопје, тој реализира настава на вториот

циклус студии по предметите: етика во комуницирањето и општествена одговорност, и идентитет, културна разновидност и општествени прашања.

Проф. Дејан Донев зема активно учество во повеќе школи и работилници, а се пројавува и како предавач на работилницата организирана од фондацијата Conrad Adenauer и ЗНМ - „Етичко известување за време на изборниот процес" (2015), и како предавач на регионалните обуки за новинари и граѓански организации, во рамките на проектот „Медиа платформа за застапување" (2016).

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот д-р Дејан Донев бил член на две комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови.

Тој е автор на учебникот *Водство и етика,* наменет за студентите на додипломски студии на „Еуро Колеџ"- Факултетот за бизнис администрација во Куманово. Воедно, за потребите на наставата на вториот циклус студии на Институтот за комуникациски студии во Скопје има подготвено две интерни скрипти по предметите: етика во комуникациите и општествена одговорност, и идентитет, културна разновидност и општествени прашања.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Дејан Донев остварил вкупно 59, 636 поени од наставно-образовната дејност.

### 3. Научноистражувачка дејност

Според приложените документи, во периодот од изборот во звањето вонреден професор (2014), д-р Дејан Донев е ментор на четири магистерски трудови (еден на студиите по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан I", и три на „Еуро Колеџ" - Факултетот за бизнис администрација во Куманово)

Во период од само две години, д-р Дејан Донев се појавува како автор и коавтор на голем број трудови (21), објавени во научно-стручни списанија и зборници на трудови.

Во корпусот трудови, спаѓа делот од монографијата „Bioethical Aspects of the Question of "Good" Death (Euthanasia) in Contemporary World", објавен во *Dying and Death in 18th-21st Century Europ, v*olume 2 (Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, 2014). Пет труда се објавени во научни/стручни списанија во Загреб, Нови Сад, Бјело Поље и Белград.

Посебно ќе ги истакнеме трудовите: „Ethical Approaches in Research Practice" (2015) и „The Necessity of the New Rise of the Eco-Ethics" (2016), кои се објавени во *Studia Universitatis Babeş-Bolyai Bioethica,* Babeş-Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania (Ebsco), и трудот под наслов „Terminological Issues in Determining the Media Ethics", кој е рецензиран и прифатен за печат во меѓународното научно-стручно списание *Synthesis Philosophica*, Zagreb (Web of Science).

Д-р Дејан Донев е автор и на трудот под наслов „Слободата на говорот, медиумското изразување и правните норми", објавен во меѓународното научно-стручно популарно списание *Политичка мисла,* бр. 49 (Фондација „Конард Аденауер", Република Македонија, Скопје, 2015). Тука се и бројните публикации објавени во зборници на трудови од научно-стручни собири со меѓународно учество (вкупно десет), како и трудот

под наслов наслов „Феноменот и значењето на менаџерството“, објавен во *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“* во Скопје (2014).

Трудовите на кандидатот д-р Дејан Донев се посветени на различни аспекти на етиката и во нив се доловуваат различни етички прашања и дилеми во сферата на медиумите, биоетиката, медицината, здравјето, екологијата, правото, религијата и културата. Преку научно втемелена анализа, базирана на соодветна научна методологија, кандидатот ја покажува својата стручност и зрелост како научен истражувач. Притоа не изостанува и обидот на кандидатот да го даде својот придонес во доменот на етиката, нудејќи своевидни решенија за одредена етичка проблематика.

Различните етички прашања и дилеми, д-р Дејан Донев ги актуализира и со своето активно учество на меѓународни научно стручни собири. На научно-стручниот собир со меѓународно учество *Media councils taking up the challenges of online journalism*, организиран од страна на Советот за печат на БиХ (јуни 2016), а во рамките на проектот „Building Trust in Media in South East Europe and Turkey”, одржал пленарно предавање на тема „Етичките дилеми во новите медиуми“; на регионалната конференција *Corruption Media and Censorship in the Western Balkans*, организирана од Асоцијацијата за борба против корупцијата во Бања Лука (септември 2016), настапил како панелист со предавање на тема „The phenomenon of (self) censorship and role of media in curbing corruption“. На девет научно-стручни собири со меѓународно учество (симпозиуми и конференции), одржани во Нови Сад, Кикинда, Скопје, Загреб, Бјело Поње и Сараево, д-р Дејан Донев одржал секциски предавања на различни теми од областа на етиката.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Дејан Донев остварил вкупно 103, 6 поени од научноистражувачката дејност.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Кандидатот д-р Дејан Донев е автор на две стручни монографии: „Темелните професионални начела во новинарската професија" и „Саморегулацијата и македонското новинарство", и двете објавени од страна на Совет за етика во медиумите на Р. Македонија, во Скопје, 2016 година.

Во 2015 година, д-р Дејан Донев се појавува како рецензент на зборниците *Контексти* (Филозофски факултет, Нови Сад) и *Етика и култура у медијима 2014* (Банатски културни центар – Ново Милошево, Кикинда). Тој бил и рецензент на две книги на професорот Жељко Калуѓеровиќ од Филозофскиот факултет во Нови Сад: *Filozofski triptih* (2014) и *Dike i Dikaiosyne* (2015).

Д-р Дејан Донев е член на уредувачки одбор на три меѓународни научно/стручни списанија: „ARCHE“ - Филозофски факултет, Универзитет во Нови Сад (во 2014 година), „Mediji i komunikacije“ – Бијело Поље, Црна Гора (од 2014 година) и „Studia Universitatis Babeş-Bolyai Bioethica“ - Babeş-Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania (од 2015 година).

Во 2015 година, кандидатот бил член на организациониот одбор на меѓународната научна конференција „Rethinking our European perspectives – EU

still a dream or possible reality!?", организирана од страна на Европскиот институт за менаџмент, право и дипломатија во Скопје, а во 2014 година бил член на научниот одбор на меѓународната конференција „Сусрет култура", организирана од страна на Филозофскиот факултет во Нови Сад.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Дејан Донев остварил вкупно 24,5 поени од научноистражувачката дејност.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Дејан Донев добил позитивна оценка од анонимно спроведените анкети (2014-2015 и 2015-2016 година) со студентите од Високообразовната Професионална Установа за Бизнис студии „Еуро Колеџ" во Куманово, за предметите бизнис етика и водство и етика.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на документацијата за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативна дејност, Комисијата е на мислење дека кандидатот д-р Дејан Донев во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во звањето вонреден професор за научната област: етика.

Имајќи ги предвид научните, педагошките и истражувачки квалитети на кандидатот, како и целокупниот опус на публикации, неговото интензивно ангажирање да ја актуализира/афирмира етичката димензија во различни сфери на науката и општествениот живот, членовите на Рецензентската комисија имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Дејан Донев да биде избран за наставник во звањето вонреден професор за научната област (дисциплина): етика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Сузана Симоновска**
2. **Проф. д-р Иван Џепароски**
3. **Проф. д-р Ана Димишковска**

А. Димишковска

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: проф. д-р Дејан, Иван Донев**

**Институција: Филозофски факултет, Институт за филозофија**

**Научна област: Етика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус на „Еуро Колеџ“-Факултет за бизнис администрација**<br><br>Предмет: лидерство етика<br>(2014-2015) – (2 x 15 x 0,04 = 1,2)<br>(2015-2016) – (2 x 15 x 0,04 = 1,2)<br>(2016-2017) – (2 x 15 x 0,04 = 1,2)<br>Предмет: бизнис етика<br>(2014-2015) – (2 x 15 x 0,04 = 1,2)<br>(2015-2016) – (2 x 15 x 0,04 = 1,2)<br>(2016-2017) – (2 x 15 x 0,04 = 1,2) | **7,2** |
| 2. | **Одржување настава од втор циклус студии**<br><br><u>„Еуро Колеџ“-Факултет за бизнис администрација</u> (15,75)<br>Предмет: етика и одговорност<br>(2014) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2015) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2016) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>Предмет: методологија на научноистражувачка работа<br>(2014) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2015) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2016) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>Предмет: основи на лидерство и тимска работа<br>(2014) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br><br><u>Институт за комуникациски студии</u> (11,25)<br>Предмет: етика во комуницирањето и општествена одговорност<br>(2014-2015) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2015-2016) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2016-2017) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>Предмет: идентитет, културна разновидност и општествени прашања | **27** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | (2015-2016) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25)<br>(2016-2017) – (3 x 15 x 0,05 = 2,25) | |
| 3. | **Настава во школи и работилници**<br><br><u>Учесник:</u><br>- „Research Ethics Education in the Balkans and Black Sea Region“ - обука во организација на Icahn School of Medicine at Mount Sinai (New York) во партнерство со University of Belgrade School of Medicine (Serbia), 2016;<br>- „Етичко известување за време на изборниот процес“ - предавач на работилницата организирана од фондацијата Conrad Adenauer и ЗНМ, 27-27 ноември 2015, Крушево, Р. Македонија;<br>- „Известувањето во печатените медиуми во однос на ЛГБТ популацијата“ - работилница “Challenges for the press councils in the Balkan region”, организирана од СЕММ, Кралството Холандија и ОБСЕ, 18-19 мај 2016, Скопје, Р. Македонија;<br>- „Етички параметри на истражувачкото новинарство“ – предавач на регионалните обуки за новинари и граѓански организации, во рамките на проектот „Медиа платформа за застапување“, проект на граѓанската асоцијација МОСТ, а финансиран од ЕУ, 04-07 ноември 2016, Велес, Р. Македонија; | **4** |
| 4. | **Одржување на вежби (изработка на студентски труд)**<br><br><u>Прв циклус „Еуро Колеџ“-Факултет за бизнис администрација</u> (2,7)<br>Предмет: водство и етика<br>(2014-2015) – (1 x 15 x 0,03 = 0,45)<br>(2015-2016) – (1 x 15 x 0,03 = 0,45)<br>(2016-2017) – (1 x 15 x 0,03 = 0,45)<br>Предмет: бизнис етика<br>(2014-201995) – (1 x 15 x 0,03 = 0,45)<br>(2015-2016) – (1 x 15 x 0,03 = 0,45)<br>(2016-2017) – (1 x 15 x 0,03 = 0,45) | **2,7** |
| 5. | **Консултации со студенти**<br><br><u>Прв циклус „Еуро Колеџ“-Факултет за бизнис администрација</u> (1,696)<br>Предмет: водство и етика<br>(424 x 0,002 = 0,848)<br>(2014-2015) – 103<br>(2015-2016) – 169<br>(2016-2017) – 152<br>Предмет: бизнис етика<br>(424 x 0,002 = 0,848)<br>(2014-2015) – 103<br>(2015-2016) – 169<br>(2016-2017) – 152 | **2,136** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | <u>Втор циклус „Еуро Колеџ“-Факултет за бизнис администрација</u> (0,33)<br>Предмет: етика и одговорност<br>(73 x 0,002 = 0,146)<br>(2014) – 18<br>(2015) – 19<br>(2016) – 36<br>Предмет: методологија на научноистражувачка работа<br>(73 x 0,002 = 0,146)<br>(2014) – 18<br>(2015) – 19<br>(2016) – 36<br><br>Предмет: основи на лидерство и тимска работа<br>(19 x 0,002 = 0,038)<br>(2014) – 19<br><br><u>Втор циклус Институт за комуникациски студии</u> (0,11)<br>Предмет: етика во комуницирањето и општествена одговорност<br>(34 x 0,002 = 0,068)<br>(2014-2015) 13<br>(2015-2016) 10<br>(2016-2017) 11<br>Предмет: идентитет, културна разновидност и општествени прашања<br>(21 x 0,002 = 0,042)<br>(2015-2016) 10<br>(2016-2017) 11 | |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски трудови**<br><br>- Маваил Абиду, „Улогата и одржливоста на регионалните телевизии во Република Македонија, Институт за комуникациски студии, 2016.<br>- Кристина Георгиева, „Улогата и значењето на корпоративната општествена одговорност во фармацевтската индустрија“, Институт за комуникациски студии, 2015. | **0,6** |
| 6. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br><br>- Автор на *Водство и етика,* наменет за студентите на додипломски студии при „Еуро Колеџ“ - Факултет за бизнис администрација во Куманово (одлука бр. 02-142 од 7.09.2016) | **8** |
| 7. | **Интерна скрипта од предавања**<br><br><u>Институт за комуникациски студии</u><br>- предмет: етика во комуникациите и општествена одговорност, за втор циклус студии<br>- предмет: идентитет, културна разновидност и општествени | **8** |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | прашања, за втор циклус студии | |
| | **Вкупно** | **59,636** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа**<br><br>Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје:<br>- Сузана Тасева „Етичките параметри за развој на ПР стратегија во локалната самоуправа“ (одлука бр 02-1458/61, 2014)<br><br>„Еуро Колеџ“-Факултет за бизнис администрација во Куманово<br>- Маринела Мазанек Михајловска „Влијанието на културните разлики при водење бизнис во Македонија и Полска и нивни идеи и економски развој“ (одлука бр. 02-53/5, 2016)<br>- Катерина Петковска „Довербата и новиот аксиолошки систем во бизнисот“ (одлука бр. 02-53/8, 2016)<br>- Марија Доневска „Корпоративна одговорност како комуникациска техника“ (одлука бр. 02-53/6, 2016)<br>- Магдалена Тасевска „Филантропија како облик на општествена одговорност“ (одлука бр. 02-101/3, 2015) | **5** |
| 2. | **Дел од монографија објавен во странство**<br><br>- „Bioethical Aspects of the Question of “Good” Death (Euthanasia) in Contemporary World", in Rotar, M., Teodorescu, A., Rotar, C. (ed), *Dying and Death in 18th-21st Century Europe,* Volume 2, Cambridge Scholars Publishing, Newcastle upon Tyne, UK, 2014, pp. 424-456. | **6** |
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br><br>- „Mjesto i značaj javnosti u analizi izvještavanja medija o EU“, во *Medias Res* (меѓународно научно стручно списание за философија на медиумите), Vol. 3, Br. 4, Centar za filozofiju medija i mediološka istraživanja – Zagreb, Sveučilište Sjever Sekcija za filozofiju medija Hrvatskog filozofskog društva – Zagreb, Udruženje građana „Mladi grašak“ za umetnost, kulturu, medije i društvena pitanja - Beograd, Zagreb, 2014, стр. 592-601; (4)<br>- „Evropska istraživačka praksa: Etički kodeks „Respect““, во *ARHE* (списание за философија), год. XII, бр. 24, Odsek za filozofiju, Filozofski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu, Novi Sad, 2015, str. 181-201; (4)<br>- (коавтор) „Upotreba jezika etničkih zajednica u MRTV-u“, во *Mediji i komunikacije* (меѓународно научно списание за медиуми, комуникации, новинарство и односи со јавноста), God. 2, Br. 3, | **18,8** |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Akademija društvenih nauka, Bijelo Polje, Crna Gora, јуни 2015, стр. 163-176; (3,6)<br>- (коавтор) „Etičke dileme u novim medijima“ - *Mediji i komunikacije* (меѓународно научно списание за медиуми, комуникации, новинарство и односи со јавноста), God. 3, Br. 5, Akademija društvenih nauka, Bijelo Polje, Crna Gora, Јуни 2016, стр. 115-125; (3,6)<br>- (коавтор) „Kaliklova pleoneksija”, во *Kom* (списание за религиски науки), vol. V (1), 2016, Центар за религиски науки Kom, Белград, 2016, стр. 105–122; (3,6) | |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>- „Terminological Issues in Determining the Media Ethics", in: *Synthesis Philosophica*, Zagreb (прифатен и рецензиран труд на 23 ноември 2016 година) – Web of Science;<br>- „Ethical Approaches in Research Practice”, in *Studia Universitatis Babeş-Bolyai Bioethica*, Volume 60 (LX), No. 2, Babeş-Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania, December 2015, pp. 63-73. - Ebsco;<br>- „The Necessity of the New Rise of the Eco-Ethics”, in *Studia Universitatis Babeş-Bolyai Bioethica*, Volume 61 (LX), No. 1-2, Babeş-Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania, December 2016, pp 63-71. - Ebsco; | **18**+и.ф. |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>- „Слободата на говорот, медиумското изразување и правните норми", во *Политичка мисла*, бр. 49, Фондација „Конард Аденауер“, Република Македонија, Скопје, 2015, стр. 39-46. | **3** |
| 6. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br><br>- „Govor mržnje u medijima u funkciji degradiranja koncepta etičkog odgovornog novinarstva", во *Uloga medija u normalizaciji odnosa na Zapadnom Balkanu*, приредувачи: Dubravka Valić Nedeljković, Srđan Sremac, Nikola Knežević, Dinko Gruhonjić, Odsek za medijske studije, Filozofski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu i Centar za istraživanje religije, politike i društva, Novi Sad, 2014, str. 129-140; (2)<br>- „The Bioethical contents in ethical lessons for children” , vo *Proceedings of the 2nd Southeast European Bioethics Forum*, Mali Losinj, Walter Schweidler & Kurt Walter Zeidler (Hrsg.), Academia Verlag, Sankt Augustin, 2014, pp. 241-244. (2)<br>- (коавтор) „Ethics Of (Paliative) Care And The Question Of Euthanasia”, vo *Health, Culture and the Human Body: Epidemiology, Ethics and History of Medicine, Perspectives from Turkey and Central Europe*“, приредувачи: Ilhan Ilkilic, Hakan Ertin, Rainer Broomer and Hajo Zeeb, Istanbul University, Faculty of Medicine, Department of History of | **15,8** |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Medicine and Ethics, 2014, pp. 603-617; (1,8)<br>- „Pitanje univerzalne odgovornosti i religijskog morala kao mogući faktori mira", vo *Religija, odgovornost i tranziciona pravda*, приредувачи: Nikola Knežević, Blagoje Pantelić i Srđan Sremac, Centar za istraživanje religije, politike i društva i Hrišćanski kulturni centar Dr. Radovan Bigović, Novi Sad - Beograd, 2014, str. 45-57; (2)<br>- „Nužnost primene samoregulacije za opstanak novinarske profesije“, vo *Kultura i etika u medijima 2014.*, приредувач: Dijana Subotički Miletić, Banatski kulturni centar - Novo Miloševo, Kikinda, 2015, str. 35-44; (2)<br>- „Современата етика и прашањето на мирот“, во *Балканот, луѓе, војни и мир (*зборник од меѓународната конференција по повод 65 години од основањето Институтот за национална историја), приредувач: проф. д-р Драги Ѓоргиев, Институт за национална историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Скопје, 2015, стр. 591-600; (2)<br>- „GMO – Vrsta užasa ili odgovor na glad u svetu!?", во *Integrativna bioetika i prirodno nasleđe* (четврт меѓународен биоетички симпозиум во Босна и Херцеговина 2014), приредувачи: Dalibor Ballian, Emira Hukić, Bioetičko društvo u BiH, Sarajevo, 2015, str. 167-173; (2)<br>- „Enlightenment of St.'s Cyril and Methodius as cultural and ethical task“ во *The Legacy of the Apostles of Slavs in the 21st Century: National and European Perspectives*, приредувач: Thede Kahl, Aleksandra Salamurović, Peter Lang, Frankfurt am Main, 2015, pp. 213-223; (2) | |
| 7. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br><br>- „The concept of Universal ethics as a new general moral reality and the basis for a people's culture", vo *Susret kultura* (povodom obeležavanja 60 godina od osnivanja Filozofskog fakulteta), приредувач: prof. d-r Ivana Živančević , prof. d-r Nebojša Majstorović, Filozofski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu, Novi Sad, 2014, str. 89-97; (3)<br>- „Kultura makedonskih štampanih medija u odnosu na *LGBT* populaciju", vo *Uloga medija u normalizaciji odnosa na Zapadnom Balkanu 2*, приредувач: Dubravka Valić Nedeljković, Nikola Knežević, Dinko Gruhonjić, Odsek za medijske studije, Filozofski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu & Centar za istraživanje religije, politike i društva, Novi Sad, 2015, str. 99-113; (3) | **6** |
| 8. | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција**<br><br>- „Феноменот и значењето на менаџерството“, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје“* (во чест на Кики Мангова Поњавиќ), том 50, приредувач: проф. д-р Весна Пендовска, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Скопје, 2014, стр. 519-532; | **2** |
| 9. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>- „Етичките дилеми во новите медиуми“ – на MASTER CLASS I: | **6** |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | *Media councils taking up the challenges of online journalism*, во рамките на проектот "Building Trust in Media in South East Europe and Turkey", организиран од Советот за штампа на БиХ, 8-11 јуни 2016, Коњиц, БиХ;<br>- „The phenomenon of (self) censorship and role of media in curbing corruption" – панелист на регионалната конференција *Corruption, Media and Censorship in the Western Balkans*, организирана од Асоцијацијата за борба против корупцијата - Transparency International B&H, со подршка на Civil Rights Defenders, во рамките на International Right to Know Day, 29.09.2016, Бања Лука, БиХ; | |
| 10. | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>- „Contemporary culture and ethics and the question of peace and stability" – 8 меѓународен интердисциплинарен симпозиум *Сусрет култура,* во организација на Филозофскиот факултет од Нови Сад, при Универзитетот од Нови Сад, 1-2 декември 2014, Нови Сад,<br>-„Nužnost primene samoregulacije za opstanak novinarske profesije" – прва интердисциплинарна конференција *Култура и етика у медијима* во организација на НВО „ПостПесимисти" и НВО „Медиумски истражувачки тим" од Кикинда, 8 декември 2014, Кикинда, Р.Србија;<br>- „The moral and ethical justification of the (political) identity of the European Union through the media space" - меѓународна научна конференција *Rethinking our European perspectives – EU still a dream or possible reality !?* во организација на Европскиот институт за менаџмент, право и дипломатија од Скопје, 18 април 2015, Скопје, Македонија;<br>- „Новинарската етика и стандарди и јавниот интерес" – меѓународна конференција *Медиумите и јавниот интерес – ризици и предизвици* во организација на Центарот за развој на медиуми од Скопје, 3 јуни 2015, Скопје, Македонија;<br>- „O važnosti profesionalne etike u medicini: ključ razumijevanja suštine medicine" - меѓународен научен собир *17. Риечки денови на биоетиката: Професионализам во медицината и здравството: подучување и практицирање* во организација на Катедрата за општествени и хуманистички науки во медицината, и Катедрата за социјална медицина и епидемиологија при Медицинскиот факултет на Универзитетот од Риека, Катедрата за јавно здравство при Факултетот за здравствени студии на Универзитетот од Риека, Документациско-истражувачкиот центар за европска биоетика „Фриц Јар" при на Универзитетот од Риека, Хрватското биоетичко друштво од Загреб, 12-13 јуни 2015, Риека, Хрватска;<br>- „Upotreba jezika etničkih zajednica u MRTV-u" - трета меѓународна научна конференција *Mediji i PR: Javni medijski servis i javni interes* во организација на Унијата на локални јавни емитувачи на Црна Гора, 19-21 јуни 2015, Бијело Поље, Црна Гора;<br>- „Etičke dileme u novim medijima" - четврта меѓународна научна конференција *Mediji i PR: Novi mediji – Nove mogućnosti* во | 18 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | организација на Унијата на локални јавни емитувачи на Црна Гора, 17-19 јуни 2016, Бијело Поље, Црна Гора<br>- „Pojam zdravlja i ljudsko poboljšanje" - петти меѓународен биоетички симпозиум *Integrativna bioetika – Društveni i ekološki problemi zdravlja* во организација на Биоетичкото друштво во Босна и Херцеговина и Znanstveni centar izvrsnosti za integrativnu bioetiku – Zagreb, 21-22 октомври 2016, Сараево, Босна и Херцеговина;<br>- „За едно можно разбирање на Св. Климентовата етика" - 4-ти меѓународен научен симпозиум *Денови на Јустинијан I: Византискoто мисионерство и придобивките за Европа* во организација на Универзитетот „Евро-Балкан" / Универзитетот во Болоња / Институтот за национална историја – Скопје, 11-12 ноември 2016, Скопје, Р. Македонија. | |
| 11. | **Апстракт објавен во зборник од меѓународна конференција**<br><br>- „Contemporary culture and ethics and the question of peace and stability" – Зборник апстракти од симпозиумот *The eight international interdisciplinary symposium Encounters of cultures*, Нови Сад, Србија, 1-2 декември 2014, Филозофски факултет при Универзитетот во Нови Сад, Нови Сад, 2014;<br>- „O važnosti profesionalne etike u medicini: ključ razumijevanja suštine medicine" – Зборник апстракти од меѓународната конференција *17. Riječki dani bioetike: Profesionalizam u medicini i zdravstvu: poučavanje i prakticiranje*, Катедрата за општествени и хуманистички науки во медицината, и Катедрата за социјална медицина и епидемиологија при Медицинскиот факултет на Универзитетот од Риека, Катедрата за јавно здравство при Факултетот за здравствени студии на Универзитетот од Риека, Документациско-истражувачкиот центар за европска биоетика „Фриц Јар" при на Универзитетот од Риека, Хрватското биоетичко друштво од Загреб, 12-13 јуни 2015, Риека, Хрватска;<br>- „Etičke dileme u novim medijima" - Зборник апстракти од меѓународната научна конференција *„Mediji i PR: Novi mediji – Nove mogućnost*", Бијело Поље, Црна Гора, 17-19 јуни 2016, Бијело Поље, 2016;<br>-„Pojam zdravlja i ljudsko poboljšanje" - Зборник апстракти од симпозиумот *5. međunarodni bioetički simpozij u BiH –Integrativna bioetika – Društveni i ekološki problemi zdravlj*", Биоетичкото друштво во Босна и Херцеговина и Znanstveni centar izvrsnosti za integrativnu bioetiku – Zagreb, 21-22 октомври 2016, Сараево, Босна и Херцеговина;<br>- „The moral and ethical justification of the (political) identity of the European Union through the media space" – Зборник апстракти од меѓународната научна конференција *Rethinking our European perspectives – EU still a dream or possible reality!?*, Скопје, Македонија, 18 април 2015, Европски институт за менаџмент, право и дипломатија, Скопје, 2015; | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **103,6** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Стручна монографија**<br><br>- „Темелните професионални начела во новинарската професија", Совет за етика во медиумите на Р.Македонија, Скопје, 2016;<br>- „Саморегулацијата и македонското новинарство", Совет за етика во медиумите на Р.Македонија, Скопје, 2016; | 16 |
| 2. | **Експертски активности: рецензии**<br><br>рецензент на зборници<br>- рецензент на зборникот *Контексти* од Првиот меѓународен интердисциплинарен собир на млади научници од областа на општествените и хуманистичките науки, Филозофски факултет, Нови Сад, 2015;<br>- рецензент на зборникот од интердисциплинарната научна конференција *Етика и култура у медијима 2014*, уредник: Дијана Суботички Милетиќ, Банатски културни центар – Ново Милошево, Кикинда, 2015;<br><br>рецензент на книги (научни монографии)<br>- рецензент на книгата *Filozofski triptih* на вон. проф. Жељко Калуѓеровиќ од Филозофскиот факултет во Нови Сад, Филозофски факултет, Едиција Arche, Novi Sad, 2014;<br>- рецензент на книгата *Dike i Dikaiosyne* на вон. проф. Жељко Калуѓеровиќ од Филозофскиот факултет во Нови Сад, Филозофски факултет, Magnasken, Скопје, 2015; | 4 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 1. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br><br>- член на уредувачкиот одбор на стручното списание за философија „ARCHE“ на Отсекот за филозофија при Филозофскиот факултет, Универзитет во Нови Сад, 2014 година;<br>- член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание „Mediji i komunikacije“ – Бијело Поље, Црна Гора од 2014 година;<br>- член на уредувачкиот одбор на меѓународно научно списание „Studia Universitatis Babeş-Bolyai Bioethica“ на Babeş-Bolyai University, Cluj-Napoca, Romania, од 2015 година; | 3 |
| 2. | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | 0,5 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | - член на организационен одбор на меѓународната научна конференција „Rethinking our European perspectives – EU still a dream or possible reality!?“, Европски институт за менаџмент, право и дипломатија - Скопје, 18 април 2015, Скопје, Македонија; | |
| 3. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br><br>- Член на научниот одбор на меѓународната конференција „Сусрет култура", во организација на Филозофскиот факултет во Нови Сад, 1-2 декември 2014, Нови Сад, Р. Србија; | 1 |
| | **Вкупно** | **24,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 59,636 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 103,6 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 24,5 |
| **Вкупно** | **187,736** |

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Сузана Симоновска**
2. **Проф. д-р Иван Џепаровски**
3. **Проф. д-р Ана Димишковска**